Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 03-4438/1
30.07.2020 год.
Струмица

# ЈПКД КОМУНАЛЕЦ – СТРУМИЦА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

за годината која завршува на 31.12.2019.

со извештај на овластениот ревизор

Струмица, јули 2020

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
**ТРИО–КОНСАЛТИНГ** ДОО – ГЕВГЕЛИЈА
ул." Маршал Тито" бр.97 п.фах. 197;
тел. 34 214 – 116; факс 217 – 116
E-mail: triocons@t.mk
www.triocons.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До**

**Менаџментот**
**на ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О. – Струмица**

### *Извештај за финансиските извештаи*

*Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О. – Струмица, кои што го вклучуваат извештајот за финансиската состојба (билансот на состојба) заклучно со 31 декември 2019 година, и извештајот за сеопфатна добивка (билансот на успех) за периодот 01.01. до 31.12.2019 година, извештајот за промени во главнината и ивештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.*

### Одговорност на раководството за финансиските извештаи

*Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со прифатените меѓународните стандарди за финансиско известување и законската регулатива која се применува во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.*

### Одговорност на ревизорот

*Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија.*

*Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија и прифатените Меѓународни Стандарди за Ревизија во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.*

*Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.*

*Избраните постапки при ревизијата зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато било како резултат на измама било како разултат на грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото, со цел дизајнирање на ревизорските постапки коишто се соодветни на околностите.*

*Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се доволни и соодветни и дека нашата ревизија заснована на таквите ревизорски докази обезбедува разумна основа за нашето мислење.*

***Мислење***

***Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на ЈПКД КОМУНАЛЕЦ – Струмица,заклучно со 31 декември 2019 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со законската регулатива и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија.***

***Обрнување на внимание***

*Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешката 1 од основање и дејност на претпријатието каде како основач на ревидираното претпријатие се јавува Советот на Општина Струмица. Така да ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Струмица нема запишано основачки капитал. Во*

*евиденцијата на субјектот има евидентирано во почетен општествен капитал износ од 236.687 илјада денари Белешка 24 и 24.1.*
*Потребно е да се изврши усогласување со Централниот регистар на Република Северна Македонија.*

*Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешка 16 во својата евиденција за евидентираните недвижности во целост нема евиденција со имотни листи како доказ за сопственоста. Потребно е да се евидентираат средствата како имот на Јавното претпријатие во надлежната Агенција за недвижности.*
*Во сметководствените политики го нема регулирано начинот на искажувањето на примените донации од страна на донаторите.*

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

*Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.*
*Годишниот извештај за работа е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ ц.о. Струмица, за годината која што завршува на 31 декември 2019 година.*

***Гевгелија, 16 јули 2020 година***

Овластен ревизор:
Здравко Петров

Друштво за ревизија и консалтинг
ТРИО – КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија

Управител,

Петров Здравко

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2019 ГОДИНА

НА

Јвно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Ц.О. Струмица

СОДРЖИНА: Страна

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ


| | | |
|---|---|---|
| Извештај за сеопфатна добивка за | 2019 година | 1 |
| Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември | 2019 година | 2 |
| Извештај за готовинските текови за | 2019 година | 4 |
| Извештај за промените на главнината за | 2019 година | 3 |
| Белешки кон финансиските извештаи | | 5-28 |

Прилози

Годишна сметка

Годишен извештај за работењето


Струмица,јули 2020 година

**ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О - СТРУМИЦА**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**2019 и 2018 година (во 000 денари )**

| Позиција | Белешка | Тековна Година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 293.858 | 268.838 |
| Останати оперативни приходи (добивка) | 6 | 15.274 | 43.535 |
| Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | 37 | 35 |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | 4 | 2.368 | 3.780 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 7 | (104.538) | (90.054) |
| Набавна вредност на стоки и материјали | - | - | - |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 8 | (42.643) | (48.243) |
| Трошоци за вработените | 12 | (113.037) | (109.990) |
| Трошоци за депрецијација и амортизација | 9 | (22.173) | (20.712) |
| Исправка на вредноста на краткорочните средства | 9 | (302) | (17.045) |
| Останати оперативни расходи | 10 и 11 | (26.752) | (25.043) |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | | **2.092** | **5.108** |
| Финансиски приходи | 5 | 986 | 972 |
| Финансиски расходи | 13 | (60) | (397) |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | | **3.018** | **5.683** |
| Данок од добивка | 14 | (485) | (1.086) |
| **Добивка/загуба од редов.раб по оданочување** | | **2.533** | **4.597** |
| **ВКУПНО СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **2.533** | **4.597** |

***Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи***

***Финансиските извештаи од страна на управниот одбор се одобрени на 05.03.2020***

Директор

Зоран Георгиев

Финасов раководител

Љупче Јанев

## ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О - СТРУМИЦА

### ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
**На 31.12.2019 и 2018 година (во 000 денари)**

| Позиција | Белешка | Тековна Година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **354.071** | **354.438** |
| Нематеријални средства | 15 | 2.709 | 50 |
| Материјални средства | 16 | 351.350 | 354.376 |
| Вложување во хартии од вредност | | 12 | 12 |
| **Тековни средства** | | **467.135** | **420.016** |
| Залихи | 17 | 51.488 | 46.383 |
| Побарувања за аванси во земјата | 18 | 671 | 505 |
| Побарувања од купувачи | 20 | 392.398 | 360.709 |
| Краткорочни финансиски вложувања | - | - | - |
| Побарувања од државата и други институции | 22 | 2.684 | 690 |
| Побарувања од вработените и останати побарувања | 21 | 3.516 | 4.033 |
| Активни временски разграничувања | 23 | 9.469 | 5.395 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 19 | 6.909 | 2.301 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **821.206** | **774.454** |
| **Вонбилансна евиденција – актива** | | 19.641 | 19.641 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | **435.513** | **433.397** |
| Запишан основен капитал | 24 | 233.348 | 233.348 |
| Резерви | ПК | 75.525 | 71.032 |
| Акумулирана добивка/загуба | ПК | 124.107 | 124.420 |
| Добивка за финансиската година | БУ | 2.533 | 4.597 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | - | - | - |
| Останати долгорочни обврски | | - | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Тековни обврски** | | **385.693** | **341.057** |
| Обврски спрема добавувачи | 25 | 260.725 | 205.288 |
| Обврски по краткорочни заеми и кредити | 26 | 82.283 | 82.283 |
| Обврски за аванси | 25 | 96 | 737 |
| Останати краткорочни обврски | 28 | 9.235 | 12.034 |
| Обврски кон државата | 27 | 5.226 | 6.176 |
| Одложено плаќање на трошоците | 29 | 28.128 | 34.539 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **821.206** | **774.454** |
| **Вонбилансна евиденција – пасива** | | **19.641** | **19.641** |

***Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи***
***Финансиските извештаи од страна на управниот одбор се усвоени на 05.03.2020***

Директор — Зоран Ѓоргиев

Финасов раководител — Љупче Јанев

**Дата на финансиските извештаи: 31.12.2019**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА** **во 000 денари**

| Позиција | 01.01.2018 | Зголемување | Намалување | 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| Запишан капитал | 233.348 | - | - | 233.348 |
| Резерви | 59.633 | 11.399 | - | 71.032 |
| Акумулирана добивка/загуба | 128.112 | 11.758 | (15.450) | 124.420 |
| Добивка/загуба за финансиската година | 11.458 | 4.597 | (11.758) | 4.597 |
| Останати покривања на товар на добивките | | 4.051 | (4.051) | |
| **Вкупно капитал и резерви** | **432.851** | **31.805** | **(31.259)** | **433.397** |

| Позиција | 01.01.2019 | Зголемување | Намалување | 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| Запишан капитал | 233.348 | - | - | 233.348 |
| Резерви | 71.032 | 4.493 | - | 75.525 |
| Акумулирана добивка/загуба | 124.420 | 4.597 | (4.910) | 124.107 |
| Добивка/загуба за финансиската година | 4.597 | 2.533 | (4.597) | 2.533 |
| Останати покривања на товар на добивките | | 417 | (417) | |
| **Вкупно капитал и резерви** | **433.397** | **12.040** | **(9.924)** | **435.513** |

***Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи***

## ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О - СТРУМИЦА

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК**
**за годината која завршува на 31,12,2019 и 2018 година**

| Позиција | Тековна година | Претходна Година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **26.414** | **24.330** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 2.533 | 4.597 |
| Амортизација | 22.173 | 20.712 |
| Вредносно усогласување | - | - |
| Камати и курсни разлики | - | - |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | (5.105) | (5.916) |
| Побарувања за аванси во земјата | (166) | 1.913 |
| Побарувања од купувачи | (31.689) | (11.815) |
| Краткорочни финансиски вложувања | - | - |
| Побарувања од државата и други институции | - | - |
| Побарувања од вработените и останати побарувања | (1.477) | 426 |
| Активни временски разграничувања | (4.074) | 1.105 |
| Обврски спрема добавувачи | 55.437 | 60.019 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | (641) | 563 |
| Останати краткорочни обврски | (3.659) | (10.982) |
| Обврски по краткорочни заеми и кредити | - | - |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | (6.411) | (32.241) |
| Останати оперативни активности | (507) | (4.051) |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(21.806)** | **(24.444)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (21.806) | (24.444) |
| Продажба и расход на материјални и нематеријални средства | - | - |
| Зголемување/намалување на краткорочните кредити | - | - |
| Зголемување/намалување на краткорочни фин.вложувања | | |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **-** | **-** |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | - | - |
| Исплатени дивиденд | - | - |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(4.608)** | **(114)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **2.301** | **2.415** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **6.909** | **2.301** |

***Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи***

## БЕЛЕШКА 1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО*

**Назив и регистрација:**

*Јавното претпријатие за комунална дејност КОМУНАЛЕЦ Ц.О Струмица (во понатамошниот текст - претпријатие) е јавно претпријатие основано од општината со скратен назив ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Струмица Ц.О е заведена во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија со единствен матичен број (ЕМБС) 4078837. Друштвото има и присоидинети претпријатиа Јавно претпријатие за комунални работи ХИГИЕНА ПО Муртино со (ЕМБС) 5333911 и Јавно претпријатие за комунални дејности ЛИПА ПО Куклиш со (ЕМБС) 5276152.*

**Дејност и вработени**

*Основна дејност на претпријатието е 36.00 собирање,обработка и снабдување со вода.*
*Дејностата во внатрешниот промет 90.00 Отстранување на одпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности. Друштвото за годината која завршува на 31.12.2019 година своето работење го обавува во сопствен капацитет и за своја сметка, со просечно ангажирани 382 вработено лице.*

**Седиште:**

*Седиштето на Јавното претпријатието е во Струмица,.*

**Основачи и одговорност:**

*Управувањето и раководењето на Друштвото е регулирано со статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица. Согласно одредбите од статутот, Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица има двостепен модел на управување и тоа:*

- *а) Совет на општина*
- *б) Управен одбор и*
- *в) Одбор за контрола*

*За овластено лице за застапување на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица е именуван Зоран Горгиев – директор без ограничување на овластувањата.*

*Согласно на решение донесено од страна на Советот на Општина Струмица како членови на Управниот одбор се назначени следните лица:*

| Име и презиме |
|---|
| Бонев Ристо |
| Димитријева Софче |
| Стојанов Борис |
| Милановиќ Миле |
| Тимов Михаил |

*Согласно на решение донесено од страна на Советот на Општина Струмица како членови на одбор за контрола се назначени следните лица:*

**ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Ц.О - СТРУМИЦА**

| Име и презиме |
| --- |
| Курчиев Живорад |
| Манинска Лиља |
| Косева Стоилова Гордана |
| Годев Ристо |
| Вета Иван |

Запишан капитал

*Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица во својата евиденција има евидентирано почетен општествен капитал а нема во тековната состојба. Потребно е во наредниот период да се евидентира оснивачки капитал на Јавното препријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица во тековната состојба на претпријатието.*
*Изнесените податоци за друштвото се потврдени со Тековната состојба на правното лице од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр. 0805-50/150020200017202 од 23.01.2020 година*

*Овие податоци за Друштвото се запишани во Трговскиот регистар на други правни лица што се води кај Централниот Регистар на Република Северна Македонија*

*Лице овластено за застапување на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица е Георгиев Зоран овластено лице.*

## БЕЛЕШКА 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1. Прописи

*Финансиските извештаи, на јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица дадени на страниците 1 до 4 се изготвени во согласност со важечките прописи и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, и тоа Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/204.....192/2015) и Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), и меѓународните сметководствени стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за водење на сметководството во службен весник на РСМ бр. 159/2009,164/2010 И 107/2011 година применливи од 1 јануари 2010 година, со извесни рекласификации заради добивање на појасна слика. Се бара финансиските извештаи составени според важечките прописи да ја одразуваат примената на целокупните (деталните) прописи што се однесуваат на примената на сметководствените принципи. Во извесни случаи претпријатието може да изврши избор на одредена сметководствена политика во рамките на пропишаните сметководствени политики; во други случаи претпријатието може самостојно да одлучува дали, или нема да ја примени пропишаната сметководствена политика.*

*Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во соодветните пресметковни периоди.*

### 2.2. Основни сметководствени политики

*Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност.*

### 2.3. Континуитет на работењето

*Финансиските извештаи се изработени врз основа на претпоставка на континуитет на работењето.Тоа значи дека Друштвото ќе продолжи со работа во догледна иднина.*

*Овие финансиски извештаи вклучуваат побарувања, обврски, оперативни резултати, промени во главнината и паричните текови на друштвото.*

*Финансиските извештаи на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица се изразени во илјада денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.*

## БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

*Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи, генерално се конзистентни со оние применети при составувањето на финансиските извештаи за периодот до 31.12.2018 година, доколку поинаку не е наведено во натамошниот текст.*

*Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСС бара од раководството на Претпријатието употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.*

*Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.*

*Најзначајната употреба на расудувањата и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајните сметководствени политики и соодветни објаснувачки белешки се однесуваат на обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.*

*Финансиските извештаи за 2018 година се ревидирани и е обезбедена споредливост со финансиските извештаи за годината која завршува со состојба на 31.12.2019 година.*

### *3.1. Приходи*

*Во согласност со прописите, приходите од работењето и останатите соодветни приходи се искажани по фактурна вредност, во моментот на нивното настанување. Ова значи дека приходите се мерат по објективна вредност на добиениот надоместок или побарувањето.* Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

### *3.1.1. Приходите од продажба на производи се признаваат ако:*

- *На купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите;*
- *Претпријатието не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;*
- *Износот на приходите може да се измери;*
- *Е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;*
- *Трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.*

### *3.1.2. Исправка на побарувањата на товар на трошоците*

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

### *3.1.3. Останатите приходи*

*Останатите приходи претставуваат приходи кои не потекнуваат од основната дејност на претпријатието.*

### *3.1.4. Приходи од камати и приходи од вложувања*

*Каматите настанати по основ на финансиски обврски како и по основ на обврски од деловните односи, пресметани и доставени и како каматни листи до датата на*

*билансот на состојба се искажуваат како приходи од камати во рамки на финансиските приходи.*
*Приходите од вложувања се однесуваат на остварени приходи врз основа на вложувања во други субјекти.*

### 3.2. Расходи

#### 3.2.1. Трошоци на реализација и расходи

*Трошоците на реализација ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои се директно поврзани со остварената реализација (приход под точка 3.1.), и нивната висина е зависна од висината на реализацијата.*

*Трошоците се признаваат во зависност од степенот на извршување на датумот на сочинување на билансот.*

*Општи, административни и трошоци на продажба ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои не се директно поврзани со остварената реализација,што значи дека нивната висина е независна од висината на реализацијата.*

Претпријатието се придржува до следните критериуми при признавање на расходите:

- *Расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;*
- *Расходите имат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;*
- *Кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавање на расходите се извршува со постапка на разумна алокација на пресметковни периоди;*
- *Расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот*
- *Расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанало обврска, а нема услови да се признае како позиција на активата.*

#### 3.2.2. Расходи од камати

*Каматите настанати по основ на обврски пресметани до периодот се искажуваат како расходи во периодот за кој се однесуваат, независно дали се платени.*

### 3.3. Нематеријални и материјални вложувања

*1. Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.*
*2. Предметите и опремата се евидентираат како основни средства доколку векот на употребата им е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема двојно од последниот просечен месечен износ на плата по работник во Република Северна Македонија, според податоците на Републичкиот завод за статистика. Погонскиот и деловниот инвентар, специјални и универзални алати на*

сопствен погон се водат како основни средства без оглед на нивната набавна вредност.
3. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на приходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или намената на основните средства, се додаваат на набавната вредност на тие средства.
4. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажбата на основните средства се книжени како капитална добивка, односно капитална загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

### 3.4. Амортизација

Набавната вредност, односно цената на чинење на материјалните и нематеријалните вложувања служи како основица за отпишување, односно пресметка на амортизација. Амортизацијата на основните средства се пресметува според стапки кои не се пониски од оние пропишани според законите на Република Северна Македонија, заради отпис на нивната набавна или ревалоризирана вредност на пропопрционална основа во текот на нивниот проценет век на користење.

Употребуваните стапки на амортизација се утврдени врз основа на следниот проценет полезен век на траење односно стапки на амортизација :

| | |
|---|---|
| Недвижнини | 2,5% до 10% |
| Деловен инвентар | 5% до 10% |
| Мебел | 20% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 25% |
| Телекомуникациска опрема и возила | 20% до 25% |
| Нематеријални средства | 20 % |

Основните средства се амортизираат поединечно се до нивниот целосен отпис.
Амортизацијата се ревалоризира за периодите за кои била пресметана. Износот на ревалоризацијата на амортизација се евидентира на товар на финансискиот резултат како ревалоризациони трошоци и во корист на ревалоризационата резерва.

### 3.5. Побарувања по основ на продажба и останати побарувања

Побарувањата се водат според нивната набавна (номинална) вредност. Во билансот на состојба тие се искажуваат според нивната нето реализациона вредност, која се добива откако ќе се изврши исправка на вредноста или отпис на неквалитетните или тешко наплатливи побарувања. Исправката на вредноста и отписот на побарувањата се врши на товар на расходите на периодот.

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија побарувањата за надомест на испорачана вода за потребите на домаќинството застаруваат за една година, додека побарувањата од правни лица застаруваат за три години.

Поради природата на дејноста на Претпријатието (снабдување со вода), структурата на побарувањата од купувачите ги опфаќа сите регистрирани правни и физички лица како корисници на услугите.

1. Побарувања по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци.

*2. Со товарење на вонредните расходи не се врши исправка на вредноста на сите побарувања кои се утужени до денот на билансот на состојба или не можат да се наплатат.*

**3.6.Залихи**

*1. Суровините, материјалите и набавените стоки се прикажани според трошоците настанати за нивна набавка (набавна вредност) во моментот на пренос на сопственоста што вклучува и доведување во постоечка состојба и локација.*

*Потрошокот на суровини и материјали и стоки се води по просечни цени.*

**3.7. Парични средства и еквиваленти на парични средства**

*Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, жиро сметка во деловните банки, девизни сметки во деловните банки и чекови.*
*Извештајот за паричните текови е изработен според индиректната метода.*

**3.8. Краткорочни Обврски**

*1. Обврските кон доверители се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.*

*2. Обврските кон доверители се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на вонредните приходи.*

*3. Даноците, акцизите и даноците од добивка се плаќаат и издвојуваат по прописите на Република Северна Македонија. Издвојувањата за данок од добивка се вршат на непризнаени расходи од тековната година, а остварената добивка се оданочува во случај на распределба за дивиденди и друга распределба на добивката согласно прописите, по стапка од 10 %.*

**3.9. Обврски по кредити**

*Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на останатите приходи, односно расходи.*

**3.10. Вложени и здружени средства**

*1. Вложените и здружените средства се состојат од вложените и здружените средства во други претпријатија и банки. Вложените и здружените средства се искажуваат во висина на номинална, односно ревалоризационата вредност во согласност со договорот за вложување.*

*2. По однос на вложените и здружените средства се остварува дел од добивката и надоместок за стопанисување со вложените и здружените средства во согласност со договорните одредби.*

### 3.11. Ревалоризациона резерва

*Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената ревалоризација и задолжителните корекции на расходите на финансирањето. Во согласност со законските прописи, односно со договор или општ акт, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се пренесува на задружен капитал и законски резерви.*

### 3.12. Капитал

*1. Капиталот претставува сопствени трајни извори на средства за работење на Претпријатието. Ги опфаќа иницијалните сопствени средства за работење, заедно со акумулираната и тековната добивка, другите акумулирани приходи и распоредената ревалоризациона резерва.*
*2. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.*

### 3.13. Законски резерви

*Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покритие на загубата.*

### 3.14. Управување со финансиски ризици

### 3.14.1. Пазарен ризик

*а) Ризик од промена на девизниот курс*

*ЈПКД КОМУНАЛЕЦ Струмица во своето работење не стапува во меѓународни трансакции поради набавка на материјали и суровини. Друштвото користи долгорочни кредити деноминирани во денари.*
*Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Северна Македонија. Поради тоа Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.*

*б) Ризик од курсни разлики*

*Претпријатието не влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото не е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Претпријатиетоа нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид ризик. Според ова претпријатието не е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое е сепак ограничено поради фактот дека нема трансакции во странска валута.*
*Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута на 2019 и 2018 година се како следи:*

| | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| ЕУР | 61.4856 | 61.4950 |
| УСД | 54.9518 | 53.6887 |

*в) Каматен ризик*

*Јавното претпријатие КОМУНАЛЕЦ Струмица е изложено на ризик од промена на каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и парични текови.Јавното претпријатие не е корисник на кредити и нема ризик од промената на каматните стапки.*

*г) Ценовен ризик*

*Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретните вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувањата во хартии од вредност и удели. Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположиви за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.*
*Друштвото е изложено на промената на цените. Ова воглавно се однесува на набавката на суровините за производството а со тоа има влијание и на цените на готовите производи.*

*д) Даночен ризик*

*Согласно на законските прописи во Република Северна Македонија даночните власти можат во период од 5 години а во одредени случаеви на даночна евазија или измама периодот на застареност може да изнесува и до 10 години од датумот на поднесениот даночен извештај да извршат контрола и да утврдат дополнителни даночни обврски и казни. Раководството на Друштвото нема сознанија за околности кои би можеле да доведат до значајни материјални даночни обврски освен оние евидентирани во финансиските извештаи.*

***3.14.2. Ликвидносен ризик***

*Управувањето со ликвидносен ризик е централизирано во Претпријатието.*
*Ликвидносниот ризик или ризик од неликвидност постои кога Претпријатието нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребна готовина за сервисирање на своите обврски.*
*Претпријатието не користи финансиски деривативи.*

***3.14.3. Кредитен ризик***

*Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства депозити во банки и финансиски институции, како и кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од продажба, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.*
*Изложеноста на Претпријатието на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на претпријатието. Во случај на неплаќање, со оглед на видот на услугата која Претпријатието ја дава а тоа е вода за пиење и комунални услуги неможе да прекине со испорака односно со продажба на услуги на клиентите. Исто така, Претпријатието нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите. Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Претпријатието ги превзема следните дејствија: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби исклучување на*

*водокорисници и сл. ваквиот ризик по основ на кредитирање, не е вкалкулиран во продажната цена на водата.*

Класи на финансиски средства – евидентирана вредност

| | 2019 (во 000) | 2018 (во 000) |
|---|---|---|
| Краткорочни финансиски вложувања | - | - |
| Побарувања од купувачите и ост.побарувања | 392.398 | 360.709 |
| Побарувања за дадени аванси | 671 | 505 |
| Парични средства и еквиваленти | 6.908 | 2.301 |
| | **399.977** | **363.515** |

*Нето обврските ја претставуваат разликата помеѓу вкупните кредити (вклучувајќи ги долгорочните и краткорочните кредити) и паричните средства. Менаџментот на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Ц.О. Струмица врши редовно следење на кредитната задолженост. Следниот преглед ја покажува кредитната задолженост на Друштвото на 31 декември 2019 година и 31 декември 2018 година:*

| ( Во илјада денари) | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| *Обврски по кредити* | *82.283* | *82.283* |
| *Парични средства* | *(6.908)* | *(2.301)* |
| *Нето обврски по кредити* | *75.375* | *79.982* |
| *Капитал и резерви* | *435.513* | *433.397* |
| ***% на кредитна задолженост*** | ***17.30*** | ***18,45*** |

### *3.14.4. Управување со капиталниот ризик*

*Целите на Претпријатието во врска со управувањето со капиталот се зачувување на способноста на Претпријатието да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила принос на сопствениците.*

### *3.14.5. Проценка на објективната вредност*

*Претпријатието нема политика за обелоденување на информации за објективна вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположиви пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствената вредност. Во Република Северна Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и одтука за истите во моментов не се расположиви пазарни цени. Како резултат на отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на претпријатието не ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, не се врши исправка на вредноста.*

Раководството смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредност при пазарни услови.

### 3.14.6 Даноци и придонеси

Претпријатието пресметува даноци и приодонеси по различни основи и видови според важечките прописи. Согласно даночните прописи (Законот за данок на додадена вредност) производите и услугите што ги нуди претпријатието се предмет на оданочување со данок на додадена вредност, со право на одбивка на влезниот данок. Друштвото е даночен обврзник и го пресметува и плаќа данокот на додадена вредност на месечна основа.

Данок од добивка е во износ од 10% се пресметува врз основа на даночниот биланс, а се плаќа во текот на тековната година преку месечни аконтации. со конечната пресметка на данокот се доплаќа разликата. За 2019 година претпријатието плаќа данок на добивка и на даночно непризнаените трошоци по стапка од 10%. Данокот на добивка се плаќа во пропишаните законски рокови аконтативно за соодветниот период.

### 3.14.7 Државни подршки и донации

Државните подршки вклучуваат субвенции и донации од државата и од странските влади или други владини или невладини организации во монетарни или немонетарни средства. Во моментот на стекнувањето на средството врз основа на државна подршка, се признава тоа средство со истовремено евидентирање на одложени приходи (разграничување за идни периоди во текот на употреба на средството). Одложените приходи се признаваат како приход на систематска и рационална основа во текот на корисниот век на употребата на средството. Износот на одложените приходи е ист со износот на амортизацијата на средството, така што ова признавање нема ефект врз идните добивки. Друштвото во своите сметководствени политики за периодот го нема дефинирано начинот на евидентирањето на примените донации и државни подршки од аспект на векот на амортизирањето и начинот на спротивставувањето на приходите и амортизирачкиот износ со јасен план за периодот на евидентирањето на средствата кои се примени како донации и државни подршки. Во извештајниот период Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица нема примено државни подршки односно донации од Општината Струмица односно основачот. Во сметководствената политика треба да се препорача начинот на евидентирањето на примените донации со одлука ,записник за примопредавање и имотни листови за евидентирање на сопственоста.

### 3.14.8 Јавни набавки

Јавните набавки Претпријатието ги обавува во согласност со постапките пропишани во законот за јавни набавки а тоа значи дека за набавките се распишува Јавен повик и е по основ на електронска аукција согласно законот За сите јавни набавки е залазена законската постапка од објава до евалуација и јавно надавање со електронска аукција.

## 4.ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра и услуги во земјата | 112.709 | 102.189 |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен Пазар | 4.976 | 4.729 |
| Приходи од наемнини | 11.343 | 11.411 |
| Приходи од специфично работење со неповрзани друштва | 6.271 | 3.640 |
| Останати приходи од продажба на неповрзани друштва | 158.559 | 146.869 |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи | 2.368 | 3.780 |
| **Вкупно** | **296.226** | **272.618** |

*Приходите од продажба на услуги и стоки на домашен пазар се остварени од продажба на вода на домаќинства и правни лица како и од комунални услуги изнесување на смет и приходи остварени од услуги од пазар. Наголемувањето на приходите за периодот до 31.12.2019 година во однос на периодот до 31.12.2019 година се од наголемената продажна цена на вода и на комуналните услуги. Потрушувачката на вода како основен извор на приходи за периодот до 31.12.2019 во однос на периодот до 31.12.2018 година е незначително наголемена а како резултат на тоа се наголемени и приходите.Во текот на 2019 година значително се зголемени приходите од наплата на потрошена вода од население и останати комунални услуги.*

## 5.ПРИХОДИ ОД УЧЕСТВО НА ВЛОЖУВАЊА И ПРИХОДИ ОД ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Приходи по основ на камати, курсни разлики и слични приходи од работењето со неповрзани субјекти | 986 | 972 |
| **Вкупно** | **986** | **972** |

*Остварените приходи по основ на финансиски вложувања односно приходите од камати во периодот до 31.12.2019 во однос на претходниот период се незначително наголемени и во однос на вкупните приходи за периодот се остварени во незначителен износ .*

## 6.ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 3.489 | 5.521 |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 308 | 308 |
| Останати неспомнати деловни приходи | 11.477 | 37.706 |
| **Вкупно** | **15.274** | **45.535** |

*Приходите од наплатени отпишани побарувања се по основ на наплатени побарувања кои во претходните периоди се отпишани на товар на трошоците на работењето а во периодот се наплатени.*

## 7.ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 55.276 | 46.127 |
| Трошоци за материјали (управа) | 2.417 | 1.652 |
| Потрошена енергија | 34.025 | 30.237 |
| Трошоци за енергија (управа) | 3.659 | 2.455 |
| Потрошени резервни делови производство | 8.206 | 8.673 |
| Трошоци за резервни делови управа | 59 | 174 |
| Трошоци за ситен инвентар | 896 | 736 |
| **Вкупно** | **104.538** | **90.054** |

*Потрошените суровини и материјали за периодот до 31.12.2019 година и во соднос со периодот до 31.12.2018 година се наголемени. Наголемувањето на потрошените материјали е сразмерно со наголемувањет на приходите и е резултат на поекономичното трошење на средствата. Трошоците за енергија во тековниот периодот во однос на претходниот период се наголемени. Потрошените резервни делови во тековниот период во однос на претходниот период се намалени како резултат на старосната структура на опремата која е делумно обновена и се намалени трошоците за резервни делови.*

## 8.УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 220 | 10 |
| Поштенски услуги и интернет | 2.891 | 3.182 |
| Надворешни услуги за изработка | 13.888 | 14.101 |
| Услуги за одржување и заштита | 4.944 | 7.170 |
| Наемнини,закуп | 352 | 145 |
| Трошоци за реклама и пропаганда | 375 | 465 |
| Останати услуги | 19.973 | 23.170 |
| **Вкупно** | **42.643** | **48.243** |

*Сите трошоци кои имаат карактер на услуги за периодот во однос на претходниот период имаат намалување освен трошоците за услуги за одржување и заштита како резултат на зголемените трошоци за одржување поради застареност на механизацијата и преземање на останати активности по однос на одржувањето.*

## 9.АМОРТИЗАЦИЈА И ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ И КРАТКОРОЧНИТЕ СРЕДСТВА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Амортизација (депресијација, деплација) по минимални стапки | 22.173 | 20.712 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 302 | 17.045 |
| **Вкупно** | **22.475** | **37.757** |

*Пресметнатите трошоци за амортизација на средствата во текот на периодот до 31.12.2019 во однос на претходниот период има наголемување во однос на пресметнатата амортизација за претходната година.*

## 10.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1.491 | 1.496 |
| Надомест на трошоците на вработените , подароци и помошти | 6.999 | 4.977 |
| Трошоци за надоместоци и други примања на членови на управен и надзорен одбор | 400 | 333 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, | 582 | 1.229 |
| Трошоци за донации | 812 | 981 |
| Премии за осигурување | 596 | 553 |
| Даноци, придонеси, членарина и други давачки кои не зависат од резултатот | 132 | 132 |
| Банкарски услуги и трошоци за платениот промет | 484 | 450 |
| Останати нематеријални трошоци | 13.713 | 13.751 |
| **Вкупно** | **25.209** | **23.902** |

*Дневниците за службени патувања се однесуваат за исплатени трошоци за обавени службени патувања во текот на годината од страна на вработените во претпријатието. За секое патување се издава патен налог и истиот се потполнува и потпишува од надлежните лица. Надоместоците на трошоците се однесуваат за исплатени надоместоци за членовите на одборот за контрола, управниот одбор како и исплата на ангажирани лица по основ на договор на дело и исплата на регрес за годишен одмор. Исплатените надоместоци за репрезентација и реклама се однесуваат за платени надоместоци за гости и реклами на претпријатието. Трошоците за надомест на платниот промет се однесуваат за направени трошоци во платниот промет за извршени трансакции од страна на претпријатието. Останатите нематеријални трошоци се однесуваат за такси админастративни и судски адвокатски услуги и останати трошоци кои имаат карактер на нематеријални трошоци. Вкупните трошоци кои се со карактер на нематеријални трошоци во периодот во однос на претходниот период се наголемени.*

## 11.ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ОД РЕДОВНАТА АКТИВНОСТ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Неотпишана вредност на расходовани постојани средства | - | 78 |
| Кусоци кало расипување и крш | 546 | 16 |
| Расходи по основ на директен отпис на побарувања | 992 | 1.010 |
| Казни пенали и надоместоци | 3 | 20 |
| Дополнително утврдени трошоци | 2 | 16 |
| **Вкупно** | **1.543** | **1.141** |

*Останатите трошоци од работењето за деловната година кај претпријатието се незначителни и немаат некое влијание во вкупните трошоци на претпријатието.*

## 12.ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Вкалкулирани плати | 113.037 | 109.990 |
| Останати трошоци за вработените | - | - |
| **Вкупно** | **113.037** | **109.990** |

*Вкалкулираните бруто плати и надоместоци од плати се однесуваат за трошоци за плати на вработените за периодот до 31.12.2019 година истите се вкалкулирани за 12 месеци во 2019 година. Вкалкулираните плати се по основ на изготвени пресметки на плати и пријавени до надлежните служби за соответниот месец за кој се однесуваат.*

## 13.РАСХОДИ ПО ОСНОВ НА КАМАТИ, КУРСНИ РАЗЛИКИ И СЛИЧНИ РАСХОДИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Камати од работењето со неповрзани субјекти | 60 | 397 |
| **Вкупно** | **60** | **397** |

*Каматите се однесуваат на пресметнати камати за искористените кредитни средства кои доспеваат во периодите.*
*Казнените камати и затезните камати се однесуваат на пресметнати и платени обврски со закаснување по основ на придонеси од плати во претпријатието во текот на 2019 година.*

**14. ДАНОК НА ДОБИВКА**

*Согласно законската регулатива за периодот се утврдува добивка и се пресметнува данок на добивка за периодот. Согласно последната пресметка се плаќа аконтативна обврска за данок на добивка за периодот за кој се однесува. Утврдената добивка во биласот на успехот за периодот е само евидентна за соодветниот период на крајот од календарската година ќе се утврди конечната пресметка и ќе се утврди обврската за данок на добивка по сите основи во согласност со законските прописи. Утврдениот резултат од работењето се корегира за непризнаените расходи и се утврдува даночна основа. За периодот Јавното Претпријатие за Комунални Дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица има утврден резултат од работењето износ од 3.017.477,00 денари истиот е корегиран за непризнаени расходи во износ од 5.674.343,00 денари и е утврдена даночна основица во износ од 8.691.820,00 денари. Вака утврдената основица е намалена за износ од 3.486.763,00 денари и се утврдува основица за пресметка на данок во износ од 4.845.057,00 денари*

*Во денари*

| | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| ***УТВРДЕН РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | ***3.017.477*** | ***5.682.086*** |
| ***И.****Усогласување на непризнаени расходи* | ***5.674.343*** | ***22.614.725*** |
| **1.***Расходи кои не се поврзани со дејноста* | - | - |
| **2.***Исплати на надоместоци на трошоци и други лични примања над утврден износ* | *546.289* | *348.050* |
| **3.***Исплатени надоместоци на вработените што не се утврдени со член 9 став 1 точка 2* | | |
| **4.***Трошоци за сместување и превоз на невработени лица кои не се документирани член 9 став 1 точка 3а* | | |
| **5.***Трошоци за репрезентација* | *582.328* | *1.229.270* |
| **6.***Осигурителни премии за вработени* | | |
| **7.***Парични и даночни казни* | *59.932* | *397.410* |
| **8.** *Трошоци за кало и растур* | *546.405* | *94.558* |
| **9.***Траен отпис на ненаплатени побарувања* | *992.445* | *1.009.908* |
| **10.***Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користа, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи* | *533* | - |
| **11.***Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања* | *301.861* | *17.045.423* |
| **12.***Износ на ненаплатени побарувања од заем* | *357.735* | *559.098* |
| **13.***Други усогласувања* | *2.286.815* | *1.931.008* |
| **III. Даночна основа** | ***8.691.820*** | ***28.296.811*** |
| **IIII. Намалување на даночна основа** | ***3.846.763*** | ***17.436.574*** |
| 1.Износ на наплатени побарувања | *3.488.888* | *5.414.927* |
| 2.Износ на вратен дел од заем | *357.875* | *851.527* |
| 3. Ринвестирана добивка | - | *11.170.120* |
| **V.Даночна основа по намалување** | ***4.845.057*** | ***10.860.237*** |
| *Пресметнат данок* | *484.506* | *1.086.024* |
| *Платени аконтации на данокот на добивка* | *90.774* | *1.776.344* |
| *Данок за повраќај од претходни периоди* | ***690.322*** | ***690.320*** |
| *Повеќе платен данок за повраќај* | ***269.590*** | |

## 15.ДОЛГОРОЧНИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Долгорочни нематеријални средства | 2.709 | 50 |
| **Нето вредност** | **2.709** | **50** |

*Долгорочните нематеријални средства се однесуваат за вложувања во софтвер кој е набавен во текот на годината и на истиот износ е пресметнувана амортизација по пропишаната стапка.*

## 16. НЕДВИЖНОСТИ ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| Опис | Градежни објекти | Постројки и опрема | Средства во припрема | Вкупно материјални средства |
|---|---|---|---|---|
| **НАБАВНА ВРЕДНОСТ** | | | | |
| **Почетна состојба 01,01,2018** | **451.792** | **165.912** | **16.572** | **634.276** |
| Директно зголемување на материјалните средства (набавки) | 11.910 | 16.179 | - | 28.089 |
| Зголемување со пренесување на материјални средства во подготовка | - | - | - | - |
| Пренос помеѓу поврзани субјекти | | | | - |
| Примени средства од други | - | | | - |
| Расход и продажба на материјални средства | | -5.943 | | -5.943 |
| **Состојба на 31,12,2018(1+2+3+4+5+6)** | **463.702** | **176.148** | **16.572** | **656.422** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТА** | | | | |
| **Почетна состојба на 01,01,2018** | **139.657** | **143.432** | **-** | **283.089** |
| Пресметана амортизација до 31.12.2018 година | 11.280 | 9.431 | | 20.712 |
| Исправка на вредноста на продадена, расходовани и пренесени долгорочни материјални средства | | -2.345 | | -2.345 |
| **Состојба на 31,12,2018 (8+9+10)** | **150.937** | **150.518** | **-** | **301.455** |
| **Сегашна вредност на материјалните средства (7-11)** | **324.047** | **25.630** | **16.572** | **354.876** |

| Опис | Градежни објекти | Постројки и опрема | Средства во припрема | Вкупно материјални средства |
|---|---|---|---|---|
| **НАБАВНА ВРЕДНОСТ** | | | | |
| **Почетна состојба 01,01,2019** | 463.702 | 176.148 | 16.572 | 656.422 |
| Директно зголемување на материјалните средства (набавки) | 5.965 | 12.941 | - | 18.906 |
| Зголемување со пренесување на материјални средства во подготовка | - | - | - | - |
| Пренос помеѓу поврзани субјекти | | | | - |
| Примени средства од други | - | | | - |
| Расход и продажба на материјални средства | | -62 | | -62 |
| **Состојба на 31,12,2019 (1+2+3+4+5+6)** | **469.667** | **189.027** | **16.572** | **675.266** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТА** | | | | |
| **Почетна состојба на 01,01,2019** | **150.937** | **150.518** | - | **301.455** |
| Пресметана амортизација до 3.12.2019 година | 11.465 | 10.466 | | 21.931 |
| Исправка на вредноста на продадена, расходовани и пренесени долгорочни материјални средства | | -61 | | -61 |
| **Состојба на 31,12,2019 (8+9+10)** | **162.402** | **160.903** | - | **323.325** |
| **Сегашна вредност на материјалните средства (7-11)** | **307.275** | **28.124** | **16.572** | **351.971** |

*Во текот на годината наголемување кај градежните објекти има по основ на вложување во сопствените објекти односно уредување на стопанскиот двор. Изведените градежни работи се по основ на градежни ситуации и фактури за извршените работи. Кај опремата е по основ на вложување во опрема за водоснабдување. Намалувањето на средствата е по основ пресметната амортизација за периодот и по донесена одлука за отуѓување на средство.*
*За целокупниот недвижен имот со кој располага Јавното претпријатие нема евиденција за доказ на сопственоста, нема имотни листови. Се превземаат мерки за нивна легализација како би се утврдила сопственоста на средствата со кои располага јавното претпријатие. За дел од имотот се обезбедени имотни листови за сопственоста и истите се легализирани.*

## 17. ЗАЛИХИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| **СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | | |
| Суровини и материјали на залиха | 48.092 | 43.011 |
| Отстапување на цените | - | - |
| **РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ** | 2.583 | 2.597 |
| **СИТЕН ИНВЕНТАР И АМБАЛАЖА** | | |
| Ситен инвентар на залиха | 4.517 | 3.915 |
| Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите | - 4.517 | - 3.915 |
| Стоки на залиха | 813 | 775 |
| Разлика во цени на стоките | - | - |
| **Вкупно** | **51.488** | **46.383** |

*На залихите на материјали извршен е попис и не се утврдени разлики помеѓу пописаната и фактичката состојба на залихите на суровини и материјали.*

*На залихите на стоките на склад за периодот до 31.12.2019 година извршен е попис и е усогласена кнговодствената со фактичката состојба за периодот не се утврдени отстапувања односно разлика помѓу книговодствената и фактичката состојба на залихити на стоки на склад и стоки во продавница.*

## 18.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Депозити и кауции за набавка на стока | 671 | 505 |
| **Вкупно** | **671** | **505** |

*Дадени аванси во 2019 година во износ од 671.137,00 ден. се однесуваат на платени средства по претпоставена цена за потрошена вода за периодот од добиеното прво известување за покачување на цената на водата по метар кубен од страна на Јавното претпријатие за производство на вода. Со регулирањето на мегусебните обврски и утврдувањето на цената за метар кубен дадениот аванс од претходната година е анулиран односно е покриен како трошок за вода.*

## 19. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Жиро сметки | 5.476 | 766 |
| Благајна | 1.429 | 1.531 |
| Девизни сметки | 4 | 4 |
| **Вкупно** | **6.909** | **2.301** |

*Претпријатието располага со девет жиро сметки во деловните банки. Салдото на жиро сметките одговара со салдата на последните изводи од сметките.*
*Салдото на паричните средства во благајната одговара со салдото во книговодствената евиденција за периодот.*
*Преку благајната се вршат наплати во готово за потрошена вода и комунални услуги. По составувањето на касовите извештаи за примени уплати истите се пренесуваат на жиро сметката на претпријатието.*

## 20. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачите во земјата | 504.437 | 480.811 |
| Останати побарувања | 206 | 208 |
| Вредносно усогласување на побарувањата | (112.245) | (120.101) |
| **Вкупно** | **392.398** | **360.918** |

*Побарувањата од купувачите кои на крајот од годината по одбивањето на сомнителните побарувања се во нето износ од 392.398.084,00 ден. Од страна на службите се изготвени и испратени ИОС обрасци во согласност со законските прописи за потврдување на салдата на побарувањата. Во постапка на ревизијата испратени се конфирмации.*

## 21. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ПОБАРУВАЊА

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Побарување од вработените | 3.516 | 3.824 |
| **Вкупно** | **3.516** | **3.824** |

*Побарувања од вработените по основ на дадени аванси на плата и позајмици на паричните средства истите им се задржуваат со исплатата на платата.*

## 22. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Побарување по основ на данок на додадена вредност | 2.388 | - |
| Побарување за повеќе платен данок на добивка | 296 | 690 |
| Побарување по основ на субвенции | - | - |
| **Вкупно** | **2.684** | **690** |

## 23. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И НЕДОСТАСАНА НАПЛАТА НА ПРИХОДИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Однапред платени трошоци | 8.844 | 1.537 |
| Однапред платен зависни трошоци од Набавката | - | - |
| Пресметнати приходи кои неможат да се фактурираат | 625 | 3.858 |
| Однапред платени трошоци и пресметнати приходи | - | - |
| **Вкупно** | **9.469** | **5.395** |

*Износот од 9.468.580,00 денари се однесува на премии за осигурување на средства во претпријатието, како и пресметнати приходи од авансна наплата за услуги од претпријатието по основ на покасно евидентирана времена ситуација разграничени трошоци по основ на данок на додадена вредност.*

## *24.КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ*

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Почетен општествен капитал | 236.687 | 236.687 |
| Законски и статутарни резерви | 42.472 | 42.346 |
| Останати резерви | 29.714 | 25.348 |
| Акумулирана добивка (пренесена загуба) | 124.233 | 124.650 |
| Нераспоредена добивка (загуба) за годината | 2.407 | 4.366 |
| **Вкупно** | **435.513** | **433.397** |

*Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Струмица во својата евиденција има евидентирано почетен општествен капитал а истото го нема искажано и во тековната состојба во Централниот Регистар на Република Северна Македонија. Потребно е во наредниот период да се изврши усогласување со тековната состојба во Централниот Регистар на Република Северна Македонија и да се запише основачкиот капитал.*

**24.1 РЕЗЕРВИ**

| ОПИС | реинв. добивка | РЕЗЕРВИ | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Законски* | *Статутарни* | *Останати* |
| Состојба 01.01.2018 | - | *42.346* | - | *25.348* |
| Зголемување во 2018 година | - | - | - | - |
| Намалување во 2018 година | - | - | - | - |
| ***Состојба на 31.12.2018 година*** | - | *42.346* | - | *25.348* |
| Зголемување во 2019 година | - | *126* | - | *4.366* |
| Намалување во 2019 година | - | - | - | - |
| ***Состојба на 31.12.2019 година*** | - | *42.472* | - | *29.714* |

*Реинвестираната добивка книговодствено се искажува на сметките на резерви. Согласно домашната законска регулатива доколку набавените долгорочни средства, за чија набавка е издвоена реинвестираната добивка, не се отуѓат во рок од 5 години истата може да се „врати" во акумулираната добивка.*

**25. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ОБВРСКИ ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ**

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 260.725 | 205.288 |
| Обврски за аванси | 96 | 737 |
| **Вкупно** | **260.821** | **206.025** |

*Обврските спрема добавувачите се однесуваат на обврски за испорачани стоки и услуги од други правни субјекти кои на крајот на периодот имаат салдо од 260.821.429,00 денари. Од страна на Јавното Претпријатие се испоставени ИОС за конформирање на обврските. Во постапка на ревизијата испратени се конфирмации.*

**26. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ**

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Останати караткорочни обврски | 82.283 | 82.283 |
| **Вкупно** | **82.283** | **82.283** |

*Останатите краткорочни обврски како салдо се провлекуваат од минатата година и е обврска по основ на камата од користениот кредит од ЕБРД по основ на МЕАП програма како доспева обрската редовно се отплаќа.*

*Другите краткорочни обврски се по основ на обврска спрема општината за платени рати по основ на доспеаните ануитети за кредитот спрема ЕБРД МЕАП програмата од страна на општината за сметка на претпријатиет ЈП КОМУНАЛЕЦ Струмица.*

## 27. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Обврска за данок на додадена вредност | 271 | 1.412 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 71 | 71 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата | 3.413 | 2.819 |
| Обврски за персомален данок на доход | 1.471 | 1.874 |
| **Вкупно** | **5.226** | **6.176** |

*Обврската по основ на данок на додадена вредност се однесува на доспеаната обврска за ДДВ за периодот како и по основ на даноци и придонеси од добивката за периодот.*

## 28. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПЛАТИ, ДРУГИ ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ И ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Нето плати | 7.262 | 6.161 |
| Обврски по основ на колективни договори | - | - |
| Останати обврски спрема вработените | 1.973 | 5.873 |
| **Вкупно** | **9.235** | **12.034** |

*Обврски за плати и даноците и придонесите од плати се однесуваат на пресметната а неисплатена плата за месец декември 2019 година истата е исплатена во текот на месец јануари 2020 година.*

## 29. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Пресметано а одложено плаќање на трошоците | 432 | 3.172 |
| Однапред наплатени (пресметани ) приходи | 6.483 | 6.792 |
| Пресметани зависни трошоци | 21.213 | 24.575 |
| **Вкупно** | **28.128** | **34.539** |

*Салдото на пресметнатите приходи во износ од 431.764,00 денари се одесува на пресметнати надоместоци за вода а трошоците ќе настанат во идните периоди. Салдото на однапред наплатени а пресметнати приходи се однесуваат на наплатени приходи по основ на пресметка за надомест за јавна чистота.*

## 30. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

*Друштвото со состојба на 31.12.2019 година во финансиските извештаи нема обелоденото неизвесни обврски. На денот на изготвувањето на финансиските извештаи не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби од судски спорови.*

## 31. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

*Поврзани страни со Претпијатието се основачот,клучен менаџерски персонал и друштва поврзани со клучниот менаџерски персонал.*

### *31.1 Продажба на стоки, услуги и недвижности*

*Нема други трансакции освен редовните комунални услуги за клучниот менаџерски персонал и друштвата поврзани со него. Согласно Програмата за основачот Општина Струмица извршени се услуги во вредност од 9.998 иљади денари.*

### *31.2 набавка на стоки, услуги и недвижности*

*Нема трансакции со основачот и клучниот менаџерски персонал и друштвата побврзани со него.*

### *31.3 Надомести на клучниот персонал*

*Клучниот персонал и членовите на Управниот и Надзорниот одбор немаат други примања од Претпријатието освен плати како вработени и надоместоци за членување во одборите.*

### *31.4 Салда на побарувања и обврски на крајот на годината*

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Побарувања Општина Струмица | 10.040 | 9.089 |
| **Вкупно** | **10.040** | **9.089** |

| Во илјада денари/ година | Тековна | Претходна |
|---|---|---|
| Обврски спрема Општина Струмица ануитет | 82.283 | 82.283 |
| **Вкупно** | **82.283** | **82.283** |

## 32. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

### *32.1 Дадени хипотеки на својот имот*

*Претпријатието нема дадено хипотека на својот имот како обезбедување на плаќање.*

## 33. ДАНОЧНИ ОБВРСКИ

*Даночните книги и евиденцијата на Друштвото по основа на даноци за 2019 година не се ревидирани од страна на даночните власти за контролираниот период и не може да се констатира неправилности и останатите даночни обврски во даночните книги не се проверени, поради што евидентираните даночни обврски во овие финансиски извештаи не може да се сметаат за конечни.Дополнителните даноци и евентуалните санкции кои би можеле да произлезат доколку биде извршена таква даночна инспекција неможе да се утврдат со разумна сигурност.*

## 34. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

*По 31 декември 2019 година –датумот на известувањето,до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи. Значаен настан по денот на објавувањето на финансиските извештаи 31 декември 2019 година е настанот од воведената вонредна состојба настаната од здравствената криза КОВИД 19 која нема влијание на изготвените финансиски извештаи но за наредниот период може да има влијание на финансиските извештаи за 2020 година, нема останати настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.Друштвото перманентно ја следи новонастанатата состојба и превзема мерки за надминување.*